




# ЗА ГРАБЕЖОТ НА УНИ БАНКА ПРИВЕДЕНИ ПОЛИЦАЕЦ И НАРКОБОС КОЈ СВОЕВОЛНО ИЗЛЕГОЛ ОД КУЌЕН ПРИТВОР

15312

8 март 2022

Скопје, (САКАМДАКАЖАМ.МК)




*Наркобосот претходно баран со потерница, бил во куќен, место во ефективен притвор, а денеска го возел полицаецот. (Фото: СДК.МК)*

Две лица, од кои еден полицаец од Сарај, но и неодамна фатен наркобос од Грчец со иницијали С.Б., кој требало да биде во куќен притвор, приведени се во полициска станица во Скопје во врска со денешниот вооружен грабеж во Уни банка во Капиштец, дознава САКАМДАКАЖАМ.МК. Ги фатила интервентната полиција на МВР.

Додека се во полициска станица, се проверуваат безбедносните камери во банката, за да се потврдат сомневањата дека двете приведени лица имаат врска со грабежот.

Сомневањата произлегле од тоа што при контрола на возилото, во задниот дел биле најдени панцири, ракавици, дуксери со длабоки качулки и други предмети кои асоцирале на опрема за грабеж и насилство.

Но, она што е интересно, е што С. Б. долго време бил недостапен на органите на прогонот, а кога бил фатен, тој од судија од Основниот Кривичен суд, добил само куќен притвор. На барани криминалци со потерница, особено за дела од организиран криминал (шверц на дрога), досега во полициско-обвинителската пракса немало случај да им се дава поблага мерка – куќен притвор, туку право оделе во Шутка.

Грабежот се случи денеска во 12.35 часот. Во Полициска станица Центар било пријавено дека од експозитура на банка на подрачје на Центар три лица со закана со оружје од вработените одземале пари, по што во близина на местото на настанот едно од лицата испукало куршум. Повредени лица нема. МВР соопшти дека се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во врска со приведените наркобос и полицаец кој го возел, МВР нема коментар. Не коментира за за идентитети на приведени лица, оттаму има потврда само дека „има приведено две лица“.

***С. К. ДЕЛЕВСКА***

Симнете ја мобилната апликација

GET IT ON Google Play

Download on the App Store

**©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови и фотографии) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира**

Македонија | грчец | нарко-бос | полицаец | приведени | Сарај | уни банка

## ПОВРЗАНИ



УБИЕН ПОЛИЦАЕЦ ВО КУМАНОВО



ПОЛИЦАЕЦ ЗАГИНАЛ, ГО УДРИЛ ВОЗ КОГА СО ВОЗИЛО НА МВР ПОМИНУВАЛ НА СПУШТЕНА РАМПА



ПОЛИЦАЕЦ ЗАСТРЕЛАН СО ЧЕТИРИ КУРШУМИ ВО ВЕЛЕС, ДОДЕКА БИЛ ВО КОНТРОЛА



ИЗБОДЕН ДО СМРТ ПОЛИЦАЕЦ ОД ВЕЛЕС, ПРИВЕДЕНА ПАРТНЕРКАТА СО КОЈА ЖИВЕЕЛ










## Најчитани



НУКЛЕАРНА ЗИМА



ЗАПАЛЕНИОТ БРОД СО 4.000 ЛУКСУЗНИ АВТОМОБИЛИ ПОТОНА ВО АТЛАНТСКИОТ ОКЕАН



ЗА ГРАБЕЖОТ НА УНИ БАНКА ПРИВЕДЕНИ ПОЛИЦАЕЦ И НАРКОБОС КОЈ СВОЕВОЛНО ИЗЛЕГОЛ ОД КУЌЕН ПРИТВОР



ГОЛЕМИОТ РУСКИ КОНВОЈ КОЈ ОДИ КОН КИЕВ ВЕЌЕ ТРИ ДЕНА Е ЗАГЛАВЕН НА АВТОПАТ



НАФТА ИМА, НЕМА ДА ИМ ДОЗВОЛИМЕ ВОЕНО ПРОФИТЕРСТВО НА БЕНЗИНСКИТЕ ПУМПИ, ВЕЛИ БИСЛИМОСКИ ОД РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА




**„САКАМ ДА КАЖАМ“**

платформа за слободоумни е проект на

**СДК Михајловски Дооел, Скопје и на Здружение „Сакам да кажам“ Скопје.**

**Уредник:** Горан Михајловски
**Проверка на факти:** Марина Костова
**Менаџер на социјални мрежи:** Мирослав Илиоски
**Редакција:** sdk@sdk.mk
**контактирајте нè:** info@sdk.mk
Поштенски фах: 367

**©SDK.MK Крадењето авторски текстови е казниво со закон. Преземањето на авторски содржини (текстови и фотографии) од оваа страница е дозволено само делумно и со ставање хиперлинк до содржината што се цитира**

Архива

Архива

Изберете месец

Колумната **САКАМ ДА КАЖАМ** излегува од 12 јануари, 1991 година

© 2016 - 2022 Сакам Да Кажам. Сите права задржани | Политика на приватност | Политика на инклузија | Правилник за внатрешно пријавување | Кодекс на однесување